Foreign & Commonwealth Office

# Меморандум за соработка

**Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (Владата на Обединетото Кралство), претставена од Министерството за надворешни работи и Комонвелт (ФЦО), претставено од Чарлс Гарет, Амбасадор**

и

**Владата на Република Македонија (Корисник), претставена од Министерот за правда, Рената Десковска**

и

**Управниот суд (Корисник), претставен од претседателот на Управниот суд, судија Бурим Сејдини**

и

**Вишиот управен суд (Корисник), претставен од претседателот на Вишиот управен суд, судија Лидија Ивановска, се договорија за следнава соработка:**

## 1. Цел

Целта на овој Меморандум е да обезбеди поддршка во клучните сектори од правниот систем на Република Македонија која што ќе им овозможи да го имплементираат проектот **„Подобрување на ефикасноста и ефективноста на управното судство во Македонија“** (Проектот). Целите и активностите на проектот се наведени во Прилог А (Опис на работни задачи).

Проектот ќе биде имплементиран од страна на ПрајсвотерхаусКуперс Македонија, Центарот за правни истражувања и анализи како и Центарот за управување со промени. Деталниот опис на условите за работа помеѓу Фондот за добро владеење на Велика Британија и имплементаторите ги наведува резултатите и индикаторите кои треба да се исполнат во рамки на проектот.

Сите вклучени страни од Македонија ќе назначат лица одговорни за координирање на имплементацијата на проектот, во писмена форма, според следната структура: преставник од кабинетот на Министерот за правда, претставник од Управниот суд на Република Македонија и претставник од Вишиот управен суд на Република Македонија.

## 2. Времетраење

Овој Меморандум ќе стапи на сила со денот на неговото потпишување од страна на двата потписника и ќе важи до 15 март 2019 година.

## 3. Промена на Меморандумот

За каква било промена на овој Меморандум спогодбено ќе решаваат потписниците на истиот. Промената ќе биде направена во писмена форма.

## 4. Прекинување

Ако се случат какви било промени кои, според мислењето на Британската Влада, значително ја доведуваат во прашање вредноста на Проектот, страните ќе се консултираат во врска со можните мерки кои е потребно да се превземат за да се реши проблемот и надмине ситуацијата. Во случај да не се изнајде соодветно спогодбено решение, Британската Влада го задржува правото да го промени или прекине својот придонес кон Проектот.

## 5. Решавање на спорови

Било каков спор што може да се појави во врска со толкувањето или примената на овој Меморандум ќе се разреши преку консултации меѓу потписниците на овој Меморандум.

## 6. Друго

Секоја преписка што се однесува на овој Меморандум за соработка и на Проектот, ќе се остварува преку одговорно лице од Кабинетот на Министерот за првада, претставник од Управниот суд и претставник од Вишиот Управен Суд со копија до Искра Андреева, Советник за демократија и добро владеење во Британската Амбасада во Скопје.

## 7. Одговорност

Корисникот ќе обезбеди соодветно надгледување и грижа за своите вработени, службеници и посетители. Воедно, корисникот прифаќа дека Британската Влада под никакви услови нема да биде одговорна за дела или пропусти на вработените, службениците или посетителите на корисникот, или за какви било загуби или долгови кои би произлегле како резултат на проектот, кој останува во целосна одговорност на корисникот.

## 8. Копии

Потпишан во Скопје во четири оригинални примероци од кои два на англиски и два на македонски јазик. Во случај на различна интерпретација на македонската и на англиската верзија на овој Меморандум, единствена валидна ќе биде англиската верзија.

Потпишано во име на Британската Влада

Потпис: …………………

Чарлс Гарет
Амбасадор

Датум: 27/6/18…………………

Потпишано во име на Министерството за правда

Потпис: …………………

Рената Десковска
Министер

Датум: 29.06.2018…………………

Потпишано во име на Управниот суд

Потпис: ……………………………

Бурим Сејдини
Претседател на Управен суд

Датум: ……………………………

Потпишано во име на Вишиот управниот суд

Потпис: ……………………………

Лидија Ивановска
Претседател на Виш управен суд

Датум: 29.06.2018……………………………

**Прилог А Опис на работните задачи**

**Наслов на проект:** „Подобрување на ефикасноста и ефективноста на управното судство во Македонија"

**Буџет на проектот: £ 193,909**

**Краен резултат од проектот:**

Овој проект има за цел да придонесе кон зголемување на ефикасноста, ефективноста и отчетноста на управното судство во Македонија. Продуктите и резултатите на проектот ќе бидат искористени во работата на работната група одговорна за развивање на новиот Закон за управен спор.

Директни корисници на проектот се Управниот суд и Вишиот управен суд, Министерството за правда, како и работната група воспоставена од нив која е одговорна за подготовка на новиот Закон за управен спор. Краен корисник е целата јавност, експертите и бизнис секторот.

Краен резултат од проектот е зголемена ефективност и ефикасноста на административната правда во Македонија преку подобрено работење на Управните судови.

**Проектни резултати:**

**Проектен резултат 1:** изработена сеопфатна Функционална анализа за работата и капацитетите на управните судови; изработена компаративна анализа врз основа на добрата пракса од регионот и Европската Унија, како и подготвена бела книга за политики за потребите на работната група одговорна за подготовка на новиот Закон за управен спор.

**Проектен резултат 2**: изработен План за подобрување базиран на соодветни добри практики и искуства од соседството и од други земји на Европска Унија (Словенија, Хрватска, Австрија и Србија), но и креирање и промовирање на предлог за вклучување и коминикација со корисници.

**Проектен резултат 3:** подготовка и спроведување на план за развој на капацитети и менторска програма за судиите и административните работници во Управните судови.

Спроведувањето на овој проект ја поддржува имплементацијата на стратешките цели дефинирани во „Стратегијата за реформи во судството во периодот 2017-2022", како и приоритетите на Владата во однос на пристапот до правда, опишан во „Програмата на Владата на Република Македонија (2017-2022)".